Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-375/6
22.07.2026 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-375/1 од 1.4.2026 година, поднесена од страна на -------- од --------, со адреса на ул. ---------, против ЈП ---------, со седиште на ул. ---------, за сторена дискриминација врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следното

# М И С Л Е Њ Е

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи од страна на ЈП --------- кон ---------.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 1.4.2026 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка од --------- од -------- против ЈП ---------, за заштита од дискриминација врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи, заверена во Комисијата под бр. 08-375/1.

Подносителот на претставката е вработен во ЈП --------- и притоа е член на Советот на Општина --------. Во претставката тој наведува дека на ден 11.4.2025 година уредно доставил Барање за набавка на предмет (стока) во планирана, минорна вредност од 9.000 денари, со прилог спецификација за бараната стока (мултифункционален печатар) со цел поедноставување на постапката при остварување на јавната набавка.

На ден 14.4.2025 година добил допис со кој раководителот на Одделението за јавни набавки му доставил Образец за пополнување за конкретната набавка.

На ден 13.11.2025 година подносителот доставил уредно пополнет формулар, потпишан од Раководителот на Сектор како согласен за барањето.

Понатаму на ден 24.2.2026 година поднел барање во кое директно се обратил до директорот со цел обезбедување на технички услови за непречено извршување на функцијата член на Совет на Општина --------.

На ден 5.3.2026 година добил одговор со кој директорот го препраќа до општинската администрација, како исклучиво надлежна за барањето, иако надлежноста за обезбедување на техничките услови на лицата вработени во јавните претпријатија основани од општината е на самите претпријатија.

На ден 6.3.2026 година подносителот доставил нов допис со кој повторно барал и укажал на потребата од носење на одлука по неговото барање, а откако не добил одговор во рок од 30 дена, доставил и ургенција.

Смета дека намерата на директорот е шиканирање и рушење на угледот на личноста и институцијата, како и ставање во подредена положба пред колегите, а сето тоа поради личен и политички анимозитет.

Подносителот на ден 6.4.2026 година ја дополни својата претставка со дополнителни наводи кои се однесуваат на наводна дискриминација сторена со поднесување на Пријава за дисциплинска одговорност поради наводен сторен дисциплински прекршок.

Според овие наводи, на ден 30.3.2026 година до подносителот бил доставен допис без наслов, во форма на известување, со кој е известен дека до неговиот непосредно претпоставен била доставена пријава-известување за извршена контрола за присутност од страна на Советник на директорот, за наводно негово неоправдано отсуство при посета на неговата

канцеларија на ден 17.3.2026 година. Пријавата била доставена до директорот, кој ја проследил до Раководителот на Секторот за општи, правни работи и човечки ресурси, кој пак ги доставил до неговиот непосреден раководител, по што му била дадена на произнесување на подносителот. Тој во законскиот рок доставил одговор- писмена изјава. Како прилог на пријавата биле приложени два списоци насловени како Список за пауза и Список за присутност. Подносителот наведува дека списоците содржат низа на пропусти, како на пример тоа дека на Списокот за пауза, кој наводно бил воден на ден 17.3.2026 година, од реден број 1 до реден број 19 може да се забележат различни ракописи, имиња без презимиња, како и временска недоследност на настаните. Понатаму од реден број 20 до реден број 28, со ист ракопис, веројатно од портирот, биле забележани 9 вработени со забелешка „не излезе", без автентичен потпис како потврда. Под реден број 29 бил забележан подносителот на претставката, со време 08:35-09:04/09:37-11:28, со забелешка „не се потпиша". Веднаш после него, од реден број 30 до реден број 32 следеле лица со истата забелешка „не се потпиша", а од реден број 33 до реден број 59 биле запишани лица со истиот ракопис, повторно со забелешка „не излезе". На следната страна од списокот, веднаш над реден број 63, портирот своерачно ја насловил последната страна како „Непочитување на работното време и време од пауза" со што првичната форма била изменета.

Дискриминаторскиот момент подносителот го наоѓа во тоа што од реден број 63 до реден број 69 се наоѓаат тој и уште 5 колеги, запишани како вработени со лоша дисциплина на ден 17.3.2026 година, но само против него била покрената дисциплинска постапка за утврдување на дисциплинска одговорност, со еден единствен доказ и рачно додадена забелешка „излезе без дозвола" до неговото име, иако тој тврди дека уредно и навремено усно го известил непосредно претпоставениот раководител и уредно доставил Извештај за спреченост за работа. Дополнително истакнува дека Списокот бил заверен следниот ден, на 18.3.2026 година, иако Списокот за присутност бил заверен уште истиот ден, на 17.3.2026 година, а помеѓу двата списоци постоела и неоснована и необјаснива разлика од 11 луѓе.

Последно, подносителот смета дека станува збор за политички мотивирано дејствување поради неговите излагања и повик за ревизија за работењето на директорот и раководството на 8мата седница на Советот на Општина --------.

Оттука, согласно член 24 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата испрати Известување бр. 08-375/3 за произнесување по наводите од претставката до ЈП ---------, од каде беше доставен Одговор бр. 03-1199/2 од 28.5.2026 година.

ЈП --------- ги отфрла наводите од претставката како неосновани поради следното:

ЈП --------- е јавно претпријатие основано од Општина -------- за извршување дејност од јавен интерес – водоснабдување. Како таков правен субјект, претпријатието работи согласно годишниот план за јавни набавки и расположливите финансиски средства, кои претставуваат јавни пари. Набавката на техничка опрема и материјали за работа (вклучително и печатарот кој е предмет во овој случај) се одвива преку утврдени законски процедури за кои е потребно соодветна документација, одобрение од надлежните служби/сектори и финансиска оправданост, без оглед на вредноста на набавката, односно без оглед дали истата е минорна или не. Наведуваат дека барањата на подносителот не се одбиени поради лична или политичка дискриминација, туку биле процесирани согласно редовните рокови, кои важат за сите вработени во сите организациони единици на претпријатието, без исклучок. На подносителот на претставката му бил доставен одговор на неговото барање, со кој му било укажано дека членот 43 од Законот за локална самоуправа уредува друга материја за присуство на седници на совет и слично, а не за набавки за потреби на член на совет, како и дека во членот 24 од Деловникот за работа на советот е предвидено приоритетно обезбедување на услови за вршење на функцијата член на совет да обезбедат општинската администрација и јавните служби. Во оваа насока, му било појаснето дека ЈП ---------

обезбедува средства за работа пред сè за извршување на работните задачи во рамки на претпријатието, со оглед дека дејноста која ја врши е од јавен интерес, додека пак условите за вршење на функцијата член на совет се обезбедуваат примарно преку општинските служби и администрацијата. Притоа, од подносителот било побарано да даде информација дали се има обратено до општинската администрација за обезбедување на услови за вршење на функцијата и дали од нивна страна бил одбиен. Подносителот на претставката не одговорил.

Од претпријатието потенцираат дека во одделението каде подносителот е раководител има 4 печатари кои се во функција, а при таква состојба тој бара за негови потреби како член на совет да се набави уште еден печатар.

Исто така, сметаат дека во конкретниот случај не постои понеповолен третман во споредба со друго лице во иста или слична ситуација, односно дека подносителот не доставил материјален доказ или пример каде на друг вработен во претпријатието со идентичен статус и со неуредна документација му била одобрена набавка.

Наведуваат дека ЈП --------- на ниту еден начин нема преземено дејства со кои подносителот би бил спречен да присуствува на седници на Советот или на состаноци на комисии, како и на други активности организирани во рамките на Советот. Претпријатието, како негов работодавач, му обезбедува несметано платено отсуство од работа за присуство на седници на Советот или на состаноци на комисии, што како нивна законска обврска тие доследно ја почитуваат.

Во однос на наводите од претставката кои се однесуваат на дискриминација при поведувањето на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност, се произнесуваат со следното:

Во ЈП --------- била воведена евиденција за користење на време на пауза од 11 до 11.30ч. и користење на работното време и евидентирање и контролирање на истото од страна на одговорното лице-портир, како и од страна на лице-советник на директорот. Ова било направено поради зачестена појава вработените во ЈП --------- предвремено да излегуваат на пауза, да задоцнуваат и да не се враќаат на работа благовремено по завршување на паузата, да излегуваат од работа надвор од времето предвидено за пауза и слично, со што бил нарушен работниот процес и се создавало незадоволство помеѓу вработените. Поради тие причини, од страна на директорот биле донесени две наредби: Наредба бр. --------- со која се уредува користењето на пауза за време на работното време на вработените во ЈП --------- и Наредба бр. --------- за забрана на напуштање работни простории во текот на работното време на вработените во ЈП ---------. Наведуваат дека наредбите се јавно објавени на огласна табла и се однесуваат на сите вработени во претпријатието.

При контрола на почитувањето на наредбите од страна на вработените, била доставена пријава од советникот на директорот дека вработениот --------- на ден 17.3.2026 година го напуштил работното место во 08.35ч и се вратил во 09.04ч, како и во 09.37ч и се вратил во 11.28ч. Ваквата констатација била утврдена заедно со вработената на работно место портир во претпријатието и документирана во Списокот за присутност и Списокот за пауза од 17.2.2026 година. За напуштање на работното место тој не поднел барање за излез-излезница. Во текот на постапката по поднесената пријава од страна на вработениот --------- било доставено боледување од матичен заболекар со кое тој го оправдал отсуството од работа, иако не ја запазил процедурата за напуштање на работните простории, по што било донесено решение за запирање на постапката за утврдување дисциплинска неуредност.

Наводите од претставката дека списокот за пауза бил воден спротивно на закон, дека бил преправан, пречкртуван и воден со намера да се постапува тенденциозно кон него ги отфрлаат како неосновани. Ваквите наводи биле проверени од страна на Раководителот на секторот за општи, правни работи и човечки ресурси, при што со писмен допис било констатирано дека Списокот за пауза кој му бил доставен на подносителот е во иста форма и е идентичен со оригиналниот список кој се води во архивата на претпријатието.

Дополнуваат дека подносителот и на ден 18.3.2026 година во текот на работното време го напуштил работното место пред започнувањето на паузата и се вратил по нејзиното завршување, а притоа не го евидентирал отсуството со одобрена излезница кај портирот. За истото исто така била поднесена пријава од страна на советникот на директорот, а констатацијата била документирана во списокот за пауза на ден 18.3.2026 година бр. ---------. На ден 4.5.2026 година, раководителот на сектор, како непосреден претпоставен на подносителот, доставил писмен извештај бр. ---------, во кој навел дека не бил известен за неговото отсуство на ден 18.3.2026 година и дека утврдил дека постои непочитување на работното време од негова страна, што може да се квалификува како дисциплинска неуредност, заради што предлага да му биде изречена дисциплинска мерка. За истото на подносителот му била изречена парична казна во висина од 20% од едномесечна плата.

Повторно потенцираат дека претпријатието, како негов работодавач, му обезбедува несметано платено отсуство од работа за присуство на седници на Советот или на состаноци на комисии, што како нивна законска обврска тие доследно ја почитуваат, што не е спорно ниту за самиот подносител на претставката. Укажуваат на тоа дека извршувањето на работните обврски во јавното претпријатие е одвоено од политичкиот ангажман и подносителот треба да ги почитува актите на претпријатието кои важат за сите вработени.

Според **член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, забранета е секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Според **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, според кој директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Во смисла на претходно наведените законски одредби, ценејќи ги наводите на подносителот на претставката и произнесувањето од страна на ЈП ---------, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба:

Подносителот на претставката е вработен во ЈП --------- и притоа е член на Советот на Општина --------. На ден 11.4.2025 година доставил Барање за набавка на мултифункционален печатар до ЈП ---------, на кое му бил доставен одговор со кој му било укажано дека членот 43 од Законот за локална самоуправа, на кој тој се повикал, уредува друга материја, како што е присуството на седници на совет, а не набавки за потреби на член на совет, како и дека во членот 24 од Деловникот за работа на советот е предвидено дека обезбедувањето на услови за вршење на функцијата член на совет е примарно обврска на општинската администрација и јавните служби. Во оваа насока, му било појаснето дека ЈП --------- обезбедува средства за работа пред сè за извршување на работните задачи во рамки на претпријатието. Барањето на подносителот за набавка на мултифункционален печатар не било одобрено.

Притоа, во одделението во кое работи подносителот има 4 печатари кои се во функција.

Понатаму, директорот на ЈП --------- донел Наредба бр. --------- со која се уредува користењето на пауза за време на работното време на вработените во ЈП --------- и Наредба бр. --------- за забрана на напуштање работни простории во текот на работното време на вработените во ЈП ---------. При контрола на почитувањето на наредбите од страна на вработените, било констатирано дека подносителот на ден 17.3.2026 година го напуштил работното место во 08.35ч и се вратил во 09.04ч, како и во 09.37ч и се вратил во 11.28ч, а притоа немал поднесено барање за излез- излезница, за што била поднесена пријава против него од страна на советник на директорот. Во текот на постапката по поднесената пријава, подносителот доставил боледување од матичен заболекар со кое го оправдал отсуството од работа, по што било донесено решение за запирање на постапката за утврдување дисциплинска неуредност.

На ден 18.3.2026 година подносителот повторно во текот на работното време го напуштил работното место, а притоа не го евидентирал отсуството со одобрена излезница кај портирот, за што исто така била поднесена пријава од страна на советникот на директорот. За ова неговиот непосреден претпоставен, раководителот на сектор, доставил писмен извештај во кој навел дека не бил известен за неговото отсуство и предложил да му биде изречена дисциплинска мерка, по што на подносителот му била изречена парична казна во висина од 20% од едномесечна плата.

По разгледување на наводите изнесени во претставката, како и на доставеното произнесување од страна на ЈП ---------, Комисијата оцени дека во конкретниот случај не постојат факти и околности кои упатуваат на тоа дека подносителот бил ставен во понеповолна положба поради неговото политичко уверување.

Имено, подносителот смета дека бил изложен на дискриминаторско постапување поради неговото дејствување како член на Советот на Општина --------,меѓутоа во текот на постапката не беа утврдени факти кои би укажале на тоа дека преземените дејствија од страна на ЈП --------- биле мотивирани од политичкото уверување или политичката активност на подносителот.

Во однос на барањето за набавка на мултифункционален печатар, од произнесувањето на ЈП --------- произлегува дека истото било одбиено од причина што законските и подзаконските одредби на кои се повикал подносителот не создаваат обврска за јавното претпријатие да обезбеди ваква опрема за потребите на член на совет, туку тоа е во примарна надлежност на општинската администрација и јавните служби. Дополнително, утврдено е дека во организационата единица во која работи подносителот веќе имало четири функционални печатари.

Во однос на дисциплинските постапки, од списите на предметот произлегува дека тие биле поведени поради констатирано непочитување на интерните наредби кои се однесуваат на користењето пауза и напуштањето на работните простории за време на работното време. За настанот од 17.3.2026 година дисциплинската постапка била запрена откако подносителот доставил соодветна медицинска документација со која го оправдал своето отсуство. За настанот од 18.3.2026 година, по спроведена постапка, му била изречена дисциплинска мерка врз основа на утврдено непочитување на работната дисциплина.

Во овој контекст, водењето дисциплинска постапка и изрекувањето дисциплинска мерка, сами по себе не претставуваат дискриминација. За да се утврди постоење на дискриминација, потребно е да се покаже дека лицето било третирано понеповолно од друго лице во споредлива ситуација поради некоја заштитна карактеристика, односно дека постои причинско-последична врска помеѓу дискриминаторската основа и преземеното дејствие. Во конкретниот случај, не беа доставени докази од кои би можело да се утврди дека другите вработени кои постапиле спротивно на истите наредби биле третирани поинаку, ниту дека дисциплинските постапки биле иницирани или водени исклучиво поради неговото членство во Советот на Општина -------- или поради неговите политички активности.

Земајќи го предвид горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Душан Томшиќ

Доставено до:

- ---------